ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0302-4986/7
Дата, Data 15-07-2021
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 и член 45 став 1 и 2 од Законот за административни службеници *(„Сл.весник на РСМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16,бр.11/18 и 14/20)*, Предлогот за вработување на кандидати бр.10-1150/7 од 10.07.2021 год. по Јавен оглас 232/2021, Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје донесува

**ОДЛУКА**
**за избор за вработување на административни службеници**
**по јавен оглас бр. 232/2021**

1. Се врши избор за вработување на административен службеник по јавен оглас бр. 232/2021 во ЈП Водовод и канализација Скопје:

   - За работно место **Самостоен референт за односи со јавност, шифра КДР0102Г01027, ниво Г01,** во Одделение за односи со јаност, Сектор меѓународна соработка проекти и односи со јавност, **1 (еден) извршител** се врши избор за вработување на административен службеник со идентификациски код D4C6FB8 и се избира **Маша Ткаленко.**

2. Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидати и ќе се објави на интернет страницата и на огласната табла на Агенција за администрација.

3. Именуваниот ќе биде вработен на неопределено време и распореден на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе и решение за вработување на административен службеник.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје врз основа планот за изменување и дополнување на годишен план за вработување на Годишниот план за вработување за 2021 година бр.0302-2133/8 од 12.04.2021 година и позитивното мислење за истиот од страна на МИОА бр.09-1699/3 од 20.04.2021 година, до Агенцијата за администрација поднесе барање за објавување на јавен оглас за вработување на 1 административен службеник.

Врз основа на барањето, Агенцијата за администрација на својата интернет страна и во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха на ден 03.06.2021 година објави јавен оглас бр. 232/2021 година.

Со решение за формирање на комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-1139/3 од 15.06.2021 година, директорот на Агенцијата за администрација формира Комисија за селекција за вработување по јавен оглас.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас согласно Законот за административни службеници изврши административна селекција и состави записник - 10-1139/4 од 21.06.2021 година

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас согласно Законот за административни службеници спроведе испит за административен службеник и состави записник бр. 10-1139/5 на 05.07.2021 година.

По спроведената проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто и извршеното бодирање, Комисијата изготви Записник бр.10-1139/6 од 10.07.2021година, Конечна ранг листа на кандидати од сите фази и Предлог за избор на кандидат за работни места од оглас бр.232/2021 година со бр. 10-1139/7.

Врз основа на Предлогот за вработување на кандидат, Директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје донесе одлука за избор како во диспозитивот.

***ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.*

Изготвил: Драган Панчевски
Контрилирал: Дарко Доневски

**Доставено до:**
- Архива
- именуваниот
- Сектор Човечки ресурси
- Агенција за администрација

ЈП водовод и канализација Скопје
Директор,
М-р Душко Весковски